АДВОКАТСКА КАНЦЕЛАРИЈА
ГОЦЕ ЦОНЕВСКИ
ул. ВАСИЛ ГЛАВИНОВ бр.7 Б/1-1; 1000 СКОПЈЕ, МАКЕДОНИЈА
тел./факс (... 38902) 3290811 ; E-маил: conevskig@t.mk

Адвокат Гоце Цоневски; Адвокат Марија Тодоровска;
Адвокат М-р Рахела Цоневска Поп-Костов, Адвокат М-р Марија Цоневска

ОСНОВЕН СУД ШТИП
16. 01. 2026

Врска : ППОВ.бр.2/24
ГЖ-2509/24

ПРЕКУ: ОСНОВНИОТ СУД ВО ШТИП

ДО : ВРХОВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ТУЖИТЕЛ-ПРОТИВНИК: Владислав Михаилович Втулкин од Москва, граѓанин на Руската Федерација, место на раѓање Украина на 24.03.1976 година, со живеалиште на ул.Рхеиналее 140 Дизелдорф Германија, со број на пасош 51 5268030, застапуван од Адвокатска канцеларија Јаниќевиќ од Скопје, Адвокат Ненад Јаниќевиќ, бул.Кочо Рацин бр.38-1/5, со тел.02/3166629, е-маил: janicevic.advokati@gmail.com, рег.ел.сандаче за е-достава со кор.име: Nenad Janikjevikj

ТУЖЕН-ПРЕДЛАГАЧ: 1.Винарска визба ИМАКО ВИНО ДООЕЛ Штип, ул.Ген. Михајло Апостолски бр.7-3 Штип, со ЕМБС 5096847 и ЕДБ 4029996110063, застапувано од Управителот Никола Љуботенски, со е-маил: r.ljubotenski@imakovino.com.mk, преку Полном.Адв.Гоце Цоневски од Скопје, ул.Васил Главинов бр.7Б-1/1, со тел.02/3290-811, со е-маил: conevskig@t.mk, со сертификат за електронски потпис и регистриран во системот за е-достава под корисничко име Адвокат Гоце Цоневски

ОСНОВ: Надомест на штета

ВРЕДНОСТ: 1.915.458,00 евра

Р Е В И З И Ј А

ОД **ПРЕДЛАГАЧОТ-ТУЖЕН:** Винарска визба ИМАКО ВИНО ДООЕЛ Штип, преку Полном.Адв.Гоце Цоневски од Скопје, ул.Васил Главинов бр.7Б-1/1

ПРОТИВ: Решение на Апелациониот суд во Скопје ГЖ-2509/24 од 25.11.2025 година

Со Решение ППОВ.бр.2/24 од 28.05.2024 година, Основниот суд во Штип ГО УСВОИ Предлогот поднесен од предлагачот-туженият Винарска визба Имако Вино ДООЕЛ Штип за повторување на постапката правосилно завршена со пресуда на Основниот суд во Штип П4

бр.78/15 од 18.01.2016 год. потврдена со Пресуда на Апелациониот суд Штип ГЖ-205/2. 03.06.2021 година, ДОЗВОЛИ повторување на постапката П4 бр.78/15 водена пред Основни суд во Штип по тужба на тужителот Владислав Михаилович Втулкин од Москва, граѓанин н Руската Федерација, против тужените Винарска визба Имако Вино ДООЕЛ Штип и Трговско друштво за трговија, производство и услуги ИМАКО ДОО увоз-извоз Штип, за надомест на штета во износ од 1.915.458,00 евра и ГИ УКИНА Пресудата на Основниот суд во Штип П4 бр.78/15 од 18.01.2016 год. која станала правосилна на 03.06.2021 год. и Пресудата на Апелациониот суд Штип ГЖ-205/21 од 03.06.2021 година.

Незадоволен од наведеното решение, противникот-тужителот Владислав Михаилович Втулкин преку неговиот полномошник поднесе жалба против истото поради погрешна примена на материјалното-процесното право.

Постапувајки по жалбата, Апелациониот суд во Скопје како второстепен суд, со Решение ГЖ-2509/24 од 25.11.2025 година, ЈА УВАЖИ жалбата на противникот-тужителот Владислав Михаилович Втулкин, ГО ПРЕИНАЧИ Решението на Основниот суд во Штип ППОВ-2/24 опд 28.05.2024 година и ОДЛУЧИ : Предлогот поднесен од предлагачот-тужениот Винарска визба Имако Вино ДООЕЛ Штип за повторување на постапката правосилно завршена со пресуда на Основниот суд во Штип П4 бр.78/15 од 18.01.2016 год. потврдена со Пресуда на Апелациониот суд Штип ГЖ-205/21 од 03.06.2021 година, како и барањето за трошоци, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАН.

Воедно, со истото решение СЕ ЗАДОЛЖУВА тужениот-предлагачот Винарска визба Имако Вино ДООЕЛ Штип, да му надомести на тужителот-противникот Владислав Михаилович Втулкин од Москва, граѓанин на Руската Федерација, трошоци во постапката по предлогот за повторување на постапката во вкупен износ од 509.972,00 денари, во рок од 15 дена од приемот на решението.

Незадоволен од наведеното Решение на Апелациониот суд во Скопје ГЖ-2509/24 од 25.11.2025 година, тужениот-предлагачот преку својот полномошник, поднесува Ревизија врз основа на **одредбите од член 372 став 1 и став 3 точка 6; член 391 став 1 и став 3; член 375 став 1 т.1, 2 и т.3 како и став 2 од ЗПП,** заради :

- Суштествена повреда на одредбите од парничната постапка од чл. 375 ст.1 т.2 (в.в. со чл.343 ст.2 т.14) од ЗПП сторени во постапката пред второстепениот суд ;
- Суштествена повреда на одредбите од парничната постапка од 375 ст.1 т.2 (в.в. со чл. 343 **ст.1**) од ЗПП сторени во постапката пред второстепениот суд ;
- Погрешна примена на материјалното право од чл. 375 став 1 точка 3 од ЗПП, сторена во постапката пред второстепениот суд.

Му предлагам на Врховниот суд да ја уважи ревизијата во целост, да го укине Решението на Апелациониот суд во Скопје ГЖ-2509/24 од 25.11.2025 и предметот да го врати на повторно одлучување пред Апелациониот суд во Скопје, односно **да ја уважи ревизијата и да го преиначи Решението на начин што, ќе го уважи Предлогот за повторување на постапката, ќе ги укине** пресудата на Основниот суд во Штип П4 бр.78/15 од 18.01.2016 год. која станала правосилна на 03.06.2021 год. и Пресудата на Апелациониот суд Штип ГЖ-205/21 од 03.06.2021 година и **ќе го ДОЗВОЛИ повторување на постапката** П4 бр.78/15 водена пред Основниот суд во Штип по тужба на тужителот Владислав Михаилович Втулкин од Москва, граѓанин на Руската Федерација, против тужените Винарска визба Имако Вино ДООЕЛ Штип и Трговско друштво за трговија, производство и услуги ИМАКО ДОО увоз-извоз Штип за надомест на штета во износ од 1.915.458,00 евра и ќе ЈА УКИНЕ пресудата на Основниот суд во Штип П4 бр.78/15 од 18.01.2016 год. која станала правосилна на 03.06.2021 год. како и да го задолжи противникот да му ги надомести трошоците на тужениот- предлагачот, заради следното:

О б р а з л о ж е н и е

I. Суштествена повреда на одредбите од парничната постапка (од чл. 343 ст.2 т.14 од ЗПП) сторени во постапката пред второстепениот суд ;

Суштествена повреда на одредбите од парничната постапка сторени во постапката пред второстепениот суд состои во тоа што, Решението е нејасно, неразбирливо и противречно, односно не содржи доволно јасни и образложени причини за решителните факти од кои се раководел судот при одлучувањето, дадените причини се нејасни и во противречност со содржината на изведените докази, па како такво, Решението содржи недостатоци поради кои не може да се испита.

Пред се, **на страна 2** од нападнатото Решение ГЖ-2509/24 од 25.11.2025 година, Апелациониот суд децидно утврдува дека со донесувањето на првостепеното решение (ППОВ.бр.2/24 од 28.05.2024 година на Основниот суд во Штип) **НЕ Е СТОРЕНА НИТУ ЕДНА ОД СУШТЕСТВЕНИТЕ ПОВРЕДИ НА КОИ ВТОРОСТЕПЕНИОТ СУД ВНИМАВА ПО СЛУЖБЕНА ДОЛЖНОСТ,** цитирајки ја притоа дури и одредбата од членот 354 ст.1 од ЗПП, во контекст на тоа на кои повреди внимава второстепениот суд по службена должност.

Но, **на страна 5 (последниот пасус) и страна 6 (првиот пасус)** второстепениот суд утврдува дека, како што основано се укажувало во жалбата, со своето постапување **ПРВОСТЕПЕНИОТ СУД ПОГРЕШНО ГО ПРИМЕНИЛ МАТЕРИЈАЛНОТО, ОДНОСНО ПРОЦЕСНОТО ПРАВО**, поради кои причини оценува дека жалбата е основана.

Овие два суштествени и клучни ставови на второстепениот суд **СЕ ПОТПОЛНО НЕЈАСНИ И МЕЃУСЕБНО КОНТРАДИКТОРНИ**.

Имено, согласно одредбата од **членот 354 ст.1 од ЗПП** : "*Второстепенеиот суд ја испитува првостепената пресуда во оној дел во кој се побива со жалбата, во границите на жалбените причини, **а по службена должност внимава на примена на материјалното право и на повреда на одредбите од на парничната постапка од членот 343 став 2** точките 1,2,3,5,10,11,13, 14 и 15 на овој закон*".

Од цитираната одредба неспорно произлегува дека второстепениот суд е должен по службена должност да внимава на евентуални повреди на материјалното право, како и на суштествените повреди на одредбите од ЗПП како процесен закон.

Притоа, второстепениот суд (на страна 2) самиот констатира дека ја исполнил оваа законска должност и **утврдува дека со обжаленото решение првостепениот суд не сторил ниту една повреда на материјалното право ниту пак на процесното право** (ниту една суштетсвена повреда на одредбите од ЗПП). Но, истовремено, на страна 5-последниот пасус и страна 6-првиот пасус, сосема спротивно, утврдува дека **првостепениот суд погрешно го применил материјалното, односно процесното право**, што е секако КОНТРАДИКТОРНО.

Значи, од една страна, второстепениот суд утврдува дека не постојат повреди на кои е должен да внимава по службена должност (повреда на материјалното право и суштествените повреди на ЗПП како процесно право), а од друга страна утврдува дека, првостепениот суд сторил повреда на материјалното, односно процесното право, на кои пак, второстепениот суд е должен да внимава по службена должност. Воедно, **второстепениот суд воопшто не наведува кое материјално право го повредил првостепениот суд ???? Кои одредби, од кои членови и од кој материјален закон ???????**

Потполно е нејасен ставот на второстепениот суд за тоа дека : "основано се укажува во жалбата за повреда на материјалното и процесното право", бидејки такви конкретни и прецизни наводи воопшто не се содржани во жалбата.

Понатаму, **единствената причина во жалбата** со која се оспорува првостепеното решение, е дека наводно, новиот доказ - Вештиот наод и мислење СВ I 32/2015 изработен на

09.07.2015 година од страна на Бирото за судски вештачења, **не содржи нови факти** врз ос на кои, во смисла на член 392 ст. т.9 од ЗПП, може да се бара повторување на правосил завршена постапка. Но, второстепениот суд ја уважува жалбата од причини што наводно, н туженият **му биле познати фактите** кои ги истакнува во Предлогот за повторување на постапката, дека тие факти **ги истакнувал во поранешната постапка** и **биле предмет на оцена** на судот, но во следниот пасус утврдува дека туженият **имал можност тие факти да ги истакне во поранешната постапка.** Воедно, второстепениот суд утврдува дека доказите кои туженият ги доставува како **нови докази** и врз основа на кои го темели Предлогот за повторување на постапката, биле прибавени по барање на туженият и врз основа на приложена документација од туженият, што водело кон фактот дека истите **му биле познати на туженият** и за времетраење на поранешната постапка чие повторување се бара.

Значи, жалбата се уважува по сосема различен основ (на туженият му биле познати фактите и во претходната постапка па **имал можност да ги истакне** во таа постапка), од оној истакнат во жалбата (дека Предлогот **не содржи нови факти** бидејќи истите факти ги истакнувал во поранешната постапка).

Со тоа, не само што е потполно нејасно и неразбирливо од кои причини второстепениот суд ја уважува жалбата и го преиначува првостепеното решение, туку **со тоа второстепениот суд ги пречекорил и своите овластувања,** што претставува **суштествена повреда на одредбите на парничната постапка утврдена во чл.375 ст.2 опд ЗПП.**

Причините поради кои второстепениот суд ја уважува жалбата и го преиначува првостепеното решение се содржани единствено на страна 6 од нападнатото решение, но дадените причини се потполно конфузни, нејасни, неразбирливи и во противречност со содржината на изведените докази.

Така, останува потполно нејасно дали второстепениот суд, повикувајќи се на член 392 ст.1 т.9 од ЗПП, утврдува дека во Предлогот за повторување на постапката не се содржат нови факти???? Или смета дека во Предлогот се содржани нови факти, но туженият знаел за постоењето на тие факти уште во текот на претходната постапка па можел да ги истакне (што би било причина утврдена во член 393 став 2 од ЗПП на кој член второстепениот суд никаде не се повикува) ????? Или пак судот смета дека доказот Вештиот наод и мислење СВ I 32/2015 изработен на 09.07.2015 година од страна на Бирото за судски вештачења, не претставува нов доказ бидејќи не бил прифатен односно бил употребен без успех во поранешната постапка ???? Или второстепениот суд ја применува одредбата од член 393 став 1 од ЗПП па смета дека не може да се бара повторување на постапката од причина која без успех била изнесена во претходната постапка (но ова одредба не се однесува на точката 9 од членот 392 по кој е поднесен Предлогот за поворување на постапката)???

НАВИСТИНА, ПОТПОЛНО НЕЈАСНО, КОНТРАДИКТОРНО И КОНФУЗНО !!!

Дотолку повеќе што, во побиваното решение никаде не се наведува **кои се тие факти** кои туженият ги смета за нови факти, а судот утврдува дека истите му биле познати на туженият и можел да ги истакнува во поранешната постапка. Особено затоа што во Предлогот за повторување на постапката туженият истакнува поголем број на факти, **па е потполно нејасно кои од бројните истакнати факти второстепениот суд смета дека не се нови факти, односно кои факти туженият имал можност да ги истакне во поранешната постапка.**

Второстепениот суд прави една потполна конфузија помеѓу правните поими "факти" и "докази", па е потполно нејасно дали смета дека за да бидат исполнети условите за повторување на постапката утврдени во членот 392 став 1 точка 9 од ЗПП, туженият треба да узнае за нови факти или треба да стекне можност да употреби нови докази??? Дали овие услови се поставени кумулативно или алтернативно ??? Дали новите докази туженият без своја вина можел да ги достави во претходната постапка (членот 393 став 2 од ЗПП) и сл.

Неспорна потврда за фактот дека Решението на второстепениот суд е потполно нејсно, контрадикторно и конфузно, претставува **последниот пасус на стана 6** од Решението, во кое второстепениот суд утврдува :

" Напред наведеното и во насока на фактот дека новите факти врз основа на кои во смисла на чл.392 ст.1 т.9 од ЗПП може да се бара повторување на правосилно завршена постапка, треба да настанале во време додека во постапката чие повторување се бара нивното изнесување не било возможно, односно новите докази да се однесуваат на факти кои настанале во време пред да престанало правото на изнесување на нови факти и докази во постапката чие повторување се бара. Оттука овој суд оценува дека во конкретниот случај предложениот доказ не претставува нов доказ во смисла на наведената одредба, **па со оглед на фактот дека овој доказ не опстојувал во времето на пресудување**, а од друга страна правосилната пресуда на поранешната постапка не се заснова на надомест на штета причинета со дејствија како елементи на кривично дело поради кое била покренатa кривичната постапка, односно поднесена кривична пријава. "

Значи, според второстепениот суд, предложениот доказ Вештиот наод и мислење СВ I 32/2015 изработен од Бирото за судски вештачења, не претставува нов доказ во смисол на наведената одредба, бидејќи **не опстојувал (постоел) во времето на пресудување**??? Но, овој клучен став на второстепениот суд не само што е нејасен и конфузен, туку е и сосема спротивен на цитираните одредби од ЗПП. *Напротив, воопшто не е од значење кога настанале новите докази (дали пред пресудувањето во претходната постапка постоеле но на туженият не му биле познати или не можел без своја вина да дојде до нив, или пак настанале подоцна),* ***релевантно е единствено дали тие нови докази содржат факти кои постоеле пред правосилноста на пресудата.*** Значи, второстепениот суд го погрешил ова правило на парничната постапка, сметајќи дека доказот е факт, наместо да оценува дали фактот во овој доказ настанал пред правосилноста на пресудата во поранешната постапка. Но, овие околности ќе бидат подетално образложени во понатамошниот дел од Ревизијата.

Од друга страна, доколку второстепениот суд веќе утврдил дека овој доказ (Наод и мислење) не постоел во време на пресудувањето (што е вистинито бидејќи туженият го добил 6 месеци после донесувањето на првостепената пресуда), како тогаш можел истиот доказ да го достави со Одговорот на тужба - кога бил изработен две години после поднесувањето на Одговорот на тужба ??????

II. Суштествена повреда на одредбите од парничната постапка од 375 ст.1 т.2 (в.в. со чл. 343 ст.1) од ЗПП сторени во постапката пред второстепениот суд ;

II.1 Пред се, Второстепениот суд сторил суштетствена повреда на одредбите од парничната постапка бидејќи **неправилно ги применил одредбите од членот 392 став 1 точка 9 и членот 393 став 2 од ЗПП.**

Имено, членот **392 став 1 од ЗПП** пропишува дека постапката што со одлука на судот е завршена правосилно, може по предлог на странката да се повтори ако....., а **точка 9** од истиот став на овој член гласи : " странката узнае за **нови факти** ИЛИ најде ИЛИ стекне можност да употреби **нови докази** врз основа на кои за странката можела да биде донесена поповолна одлука **тие факти или докази** да биле употребени во поранешната постапка ".

Членот 393 став 2 од ЗПП (кој второстепениот суд никаде не го цитира или наведува во своето решение) гласи: "Поради околностите наведени во членот 392 став 2 точки 1,7,8,9 и 10 став 3 од овој закон, повторување на постапката може да се дозволи само ако странката без своја вина не можела тие околности да ги изнесе пред поранешната постапка да биде завршена со правосилна судска одлука" .

Цирираните одредби (од чл.392 ст.1 т.9) јасно упатуваат на тоа дека, за да може да бара повторување на постапката, странката треба да: а) узнае за нови факти; б) или да дознае за нови докази; в) или да стекне можност да употреби нови докази. Секако, овие услови не се дадени

кумулативно, односно доволно е странката или да узнае за нови факти, или да дознае за н докази, или да стекне можност да употреби нови докази. Но, од конфузното Решение второстепениот суд се добива впечаток како сите наведени услови да мора да постоја истовремено, исто како што се добива впечаток дека судот ги поистоветува и меша поимите факти и докази.

Одредбата од член 393 ст.2 од ЗПП, неспорно упатува на тоа дека **фактите** треба да бидат нови - во смисол истите да не биле истакнувани во поранешната постапка, како и да постоеле за време на претходната постапка, односно се додека истата правосилно не била завршена. Но, за **доказите**, воопшто не е од значење кога новите доказите настанале (дали пред пресудувањето во претходната постапка постоеле но на туженият не му биле познати или не можел без своја вина да дојде до нив, или пак настанале подоцна). Релевантно е единствено дали тие нови докази содржат факти кои постоеле *пред правосилноста на пресудата.*

Во овој контекст, **второтепениот суд сосема погрешно ги применува цитираните одредби од ЗПП** , без воопшто да го спомене членот 393 ст.2 од ЗПП, мешајки ги поимите факт и доказ, па на страна 6 од решението, наведува дека предложениот **доказ** (се мисли на Вештиот наод и мислење СВ I 32/2015 изработен од Бирото за судски вештачења) **не претставува нов доказ во смисла на наведената одредба, со оглед на фактот дека овој доказ не опстојувал (постоел) во времето на пресудувањето.**

Па сосема е нормално дека овој доказ не постоел во време на пресудувањето, бидејки е изготвен и доставен до туженият после завршувањето на првостепената поранешна постапка, а и не треба да постоел (опстојувал) во време на пресудувањето, во спротивно и не би бил предложен како НОВ ДОКАЗ.

Значи, наместо да оценува дали фактите кои произлегуваат од тој доказ постоеле (опстојувале) во време на пресудувањето, второстепениот суд недозволиво оценува дали доказот постоел во време на пресудувањето.

II.2. Со побиваното решение второстепениот суд сторил повреда и на одредбата од член 363 став 1 и став2 од ЗПП.

Имено, со оглед на тоа што второстепениот суд ја усвоил жалбата и го преиначил првостепеното решение, **бил должен прецизно и детално да образложи** кои жалбени наводи ги прифаќа, од кои причини смета дека имаат решително значење и од кои причини ги прифаќа, како и детално да образложи кои суштествени повреди на одредбите од ЗПП првостепениот суд ги направил, кои конкретно одредби се повредени и во што се состојат тие повреди, како и да ги образложи причините кои ги зел во предвид при донесувањето на ваквата одлука. Но, наместо тоа, второстепениот суд само констатирал дека тужителот поднел жалба поради погрешна примена на материјалното-процесното право (страна 2 од решението), а судот утврдил дека основано се укажува во жалбата дека првостепенуиот суд погрешно го применил материјалното, односно процесното право.

Согласно одредбите од **член 363 од ЗПП,** но и согласно Правното мислење на Врховниот суд на РСМ и особено одредбите од Европската Конвенција за човековите права, **пресудите мора да бидат доволно и конзистентно образложени.** Но, во овој случај **постои очигледна некохерентност на образложението**, што претставува директна повреда на правото на правично судење, односно повреда на правата утврдени во **членот 6 од Европската Конвенција за човековите права**.

Во овој контекст, второстепениот суд бил должен пред се, **да наведе кои се тие факти на кои се повикува туженият** во Предлогот за повторување на постапката, за кои туженият смета дека се нови факти во смисол на тоа дека не биле изнесени во претходната постапка (иако постоеле во тој период), а второстепениот суд смета дека **биле истакнати и во поранешната постапка и биле предмет на оцена на судот**. Дотолку повеќе што во Предлогот за повторување на постапката, вклучително и во писмените поднесоци и усно на самите рочишта,

беа истакнати и прецизно објаснети **повеќе нови факти** кои постоеле за време на претходната постапка но не биле изнесени во таа постапка.

Потоа, второстепениот суд бил должен **да наведе кои се пак фактите кои му биле познати на туженият, но поради наводна небрежност во наоѓањето на соодветни докази, не биле изнесени во претходната постапка.**

По деталното и прецизно наведување на фактите, второстепениот суд бил должен **конзистентно да образложи** кои конкретни факти и од кои точно причини, смета дека биле истакнати и во поранешната постапка и биле предмет на оцена на судот, како и кои факти му биле познати на туженият но поради наводна небрежност во наоѓањето на соодветни докази, не не биле изнесени во претходната постапка.

Истото се однесува и на доказите кои како нови докази ги предлага туженият. Второстепениот суд бил должен детално да ги наведе и особено конзистентно да образложи од кои причини за секој од доказите одделно, смета дека му биле познати и можел да ги достави за време на поранешната постапка, односно кои докази и од кои причини смета дека биле изведени во поранешната постапка. Ова особено се однесува на главниот нов доказ - Вештиот наод и мислење СВ I 32/2015 изработен на 09.07.2015 година од страна на Бирото за судски вештачења, за кој второстепениот суд утврдува дека бил доставен во жалбената постапка но наводно не бил прифатен односно бил употребен без успех во поранешната постпка. Второстепениот суд не дава никакво образложение од кои причини утврдува дека овој клучен доказ не бил прифатен односно бил употребен без успех во поранешната постпка, дотолку повеќе што, хронолошки и суштински од изведените докази во оваа постапка произлегува сосема спротивен заклучок, кој правилно го утврдил првостепениот суд.

Воедно, второстепениот суд воопшто не образложува од кои причини утврдува дека во овој конкретен предмет, не е исполнет условот туженият без своја вина да не можел тие околности (фактите и доказите) да ги изнесе пред поранешната постапка да биде завршена со правосилна судска одлука, кој претходно го прифатил првостепениот суд.

Овој пропуст на второстепениот суд е особено битен земајки го во оглед фактот дека во жалбата која ја усвојува второстепениот суд, тужителот детално наведува повеќе факти изнесени во повеќе докази за кои смета дека не се нови, а во Предлогот и особено во Одговорот на тужба туженият детално објаснува од кои причини смета дека станува збор за повеќе нови факти (кои постоеле во време на пресудувањето но не биле истакнати во поранешната постапка) односно за нови докази, па судот бил должен детално и конзистентно да образложи од кои причини смета дека наводите истакнати во жалбата се решавачки и од кои причини истите ги усвојува, како за кои факти и за кои докази смета дека не се нови .

II.3. Второстепениот суд сосема погрешно ја применил одредбата од членот 392 ст.1 т.9 од ЗПП, во однос на најважниот доказ - Вештиот наод и мислење СВ I 32/2015 изработен од Бирото за судски вештачења:

А) Пред се, второстепениот суд сосема погрешно и спротивно на цитираната одредба од ЗПП оценил дека доказот - Вештиот наод и мислење СВ I 32/2015 изработен на 09.07.2015 година од страна на Бирото за судски вештачења, не претставува нов доказ, бидејќи не бил прифатен во жалбената постапка односно бил употребен без успех во поранешната постапка, од причини што услов за да биде прифатен како нов доказ е странката без своја вина да не можела истиот да го изнесе пред правосилно завршување на поранешната постапка, што не било случај.

Во образложение на овој став, второстепениот суд наведува дека предложениот доказ не претставува нов доказ во смисла на наведената одредба, **со оглед на фактот дека овој доказ не опстојувал во времето на пресудувањето.**

Како што веќе беше наведено во првата точка од образложението на Ревизијата, одредбите од членовите 392 став 1 точка 9 и членот 393 став 2 од ЗПП, воопшто не предвидуваат новиот доказ да постои или опстојува во текот на претходната постапка.

Напротив, новиот доказ може и да постои во време на претходната постапка (но странката д знае за него или да нема можност да го употреби) но **може да биде и сосема нов дока** Релевантно е единствено дали тој нов доказ содржи факти кои постоеле пред правосилноста н пресудата.

Б) Понатаму, второстепениот суд сосема погрешно оценува дека овој доказ **не претставува нов доказ бидејќи не бил прифатен во жалбената постапка односно бил употребен без успех во поранешната постапка.**

Првостепениот суд многу детално, хронолошки и прецизно утврдил и образложил во првостепеното решение, дека Вештиот наод и мислење, бил изработен од страна на Бирото за судски вештачења, во кривична постапка, по наредба на ОЈО Штип за потребите на предметот КО.бр.255/13, па утврдил дека **претставува нов доказ** согласно член 392 ст. 1 т.9 и чл. 393 ст.2 од ЗПП, бидејќи тужениот без своја вина не можел овој доказ да го изнесе пред судот затоа што дознал и се стекнал со можност да му го изнесе на судот овој доказ, дури после изготвување на првата првостепена пресуда П4/бр/40/14 од 30.01.2015 година на Основниот суд Штип, односно дури во жалбената постапка или во фаза на постапката кога согласно пропишаното во член 341 од ЗПП не можат да се предлагаат нови докази. Во повторната постапка, првостепениот суд по овој доказ воопшто **не расправал** во смисла **ниту го одбил, ниту пак го извел** како доказно средство во доказна постапка, а доказот воопшто **не се споменува** ниту во одлуките на Апелациониот суд и Врховниот суд - кој предметот го враќа на Апелациониот суд на повторно одлучување. **За прв пат** овој доказ се споменува во одлуката на Апелациониот суд во Штип ГЖ бр.205/21 од 03.06.2021 год. со која се одбива жалбата на тужените и се потврдува првостепената пресуда, со која овој доказ не е прифатен затоа што во жалбена постапка не можат да се изведуваат нови докази, односно истиот не е доставен во роковите утврдени во член 235 ст.1 од ЗПП (со Одговорот на тужба). Притоа, доколку доказот воопшто не бил прифатен, вон било каква логика би било секое размислување за тоа дека овој доказ бил употребен или ценет од страна на Апелациониот суд во Штип.

Дури со добивањето на Одлуката на Апелациониот суд во Штип ГЖ бр.205/21 од 03.06.2021 год. тужениот дознава дека всушност овој доказ не е изведен во ниту една постапка, па затоа стекнува право повторно да го поднесе, а тоа го сторил со поднесувањето на Предлогот за повторување на постапката и тоа пред истекот на рокот од 30 дена.

Значи, неспорно е дека овој доказ (доставен како доказ-**јавна исправа** во смисла на член 215 од ЗПП, а не како вештачење во тој парничен предмет) **ниту бил употребен, ниту бил ценет од ниту еден суд во претходната постапка, ниту пак тужениот можел да го достави во текот на претходната-првостепена постапка** бидејќи го добил дури после донесувањето на пресудата во првостепената постапка, што значи дека без своја вина не можел да го достави во претходната постапка.

Дотолку повеќе што, ниту во **истакнатата жалба од тужителот**, која второстепениот суд ја усвоил и врз основа на која го преиначува првостепеното решение, воопшто **не се оспорува дека овој доказ** - Вештиот наод и мислење СВ I 32/2015, **е дозволен и навремен.** Напротив, овој основ самиот тужител воопшто не го оспорува со жалбата, туку **оспорува дека истиот не содржи нови факти** врз основа на кои, во смисла на член 392 ст. т.9 од ЗПП, може да се бара повторување на правосилна завршена постапка.

В) Второстепениот суд сосема погрешно ги применил цитираните одредби од ЗПП, вклучително и одредбата од членот 7 од ЗПП, кога оценил дека **доказите** кои тужениот ги приложува како нови докази, согласно списите во предметот, се прибавени **по барање на тужениот и врз основа на приложената документација од тужениот**, што пак води кон фактот дека **истите му биле познати на тужениот и за времетраење на поранешната постапка**, па судот смета дека тужениот имал можност да ги изнесе таквите факти во таа постапка пред истата да биде правосилно завршена. Ова во насока се повикува на член 7 од

ЗПП согласно кој, странките се должни да ги изнесат сите факти врз кои ги засноваат своите барања и да предложат докази со кои се утврдуваат тие факти.

Имено, Вештиот наод и мислење СВ I 32/2015 изработен на 09.07.2015 година од страна на Бирото за судски вештачења, кој првостепениот суд го прифати како нов доказ, воопшто не е изготвен по барање на туженият, туку, како што е детално опишано и на страна 3,4 и 5 од побиваното решение, **е изготвен по барање на ОЈО Штип** во кривична (истражна) постапка покрената по кривична пријава токму од тужителот, која е отфрлена а кривичната постапка е запрена токму врз основа на Вештиот наод и мислење СВ I 32/2015.

Вештиот наод и мислење СВ I 32/2015 **не е изготвен врз основа на документација приложена од туженият**, туку, видно од самиот Наод и мислење, е изготвен **врз основа на документација доставена од ОЈО Штип, туженият но и самиот тужител**.

Имено, точно е тоа дека во претходната постапка, врз основа на доставени фактури, царински декларации и изводи од банка за извршени уплати за опремата од странство, двете тужени друштва од Штип, во таа постапка изнесоа факти дека тие ја купиле предметната опрема и машини од свои пари и ја платиле од своите сметки во банки во Р.Македонија на сметките на странските банки на странските фирми. Во поткрепа на овие факти тужените доставија и докази, а меѓу другото и Вешт наод и мислење изготвен од вешто лице Проф. д-р Јанка Димитрова од 12.11.2013 година. Но, со оглед што и тужителот тврдеше дека тој плаќал за купување на таква опрема и машини према истите странски фирми, беше спорно кој навистина ја платил предметната опрема која е сместена кај туженият, согласно склученият договор за деловно-техничка и финансиска соработка. Тогаш туженият за време на претходната постапка, во тужбата и во текот на постапката изјави дека е во тек финансиско вештачење со кое ќе достави материјални докази дека тој извршил лични уплати од своја сметка во банка на сметките на странските фирми. Но <u>такво вештачење тужителот никогаш не достави</u>, <u>ниту пак достави веродостојни финансиски документи дека навистина вршел плаќања преку банка за купување на опремата и машините</u> согласно Договорот. Тужителот достави единствено некакви писма од фирмите ПИМ Хасково – Бугарија и фирмата Дела Тофола Италија <u>(кои невистинито се прикажуваат како Потврди)</u>, а токму врз основа на овие дописи е заснован Извештајот за констатирана состојба и особено пресудата на Основниот суд во Штип.

За фактите дека тужителот, физичко лице Владислав Втулкин од Руска Федерација, воопшто не поседува никаква финансиски документи за извршена лична уплата преку банка према наведените две фирми од Бугарија и Италија, **туженият дозна дури со добивањето на Вештиот наод и мислење СВ I 32/2015**. Дотолку повеќе што тужителот на распит пред судот изјави дека не се сеќава дали вршел уплати на сметката на тужените друштва во Р Македонија или на сметките на производителите на опремата во Бугарија и Италија, но беше дециден дека плаќањата ги вршел преку својата лична сметка во банка за што никогаш не доставил оригинал документ – налог или извод од негова сметка од банка, нов факт кој е наведен во доказот СВ I 32/2015.

Значи, **туженият ниту располагал ниту можел да располага со документација за уплати на тужителот кој е странско лице, <u>ниту пак со фактот дека тужителот воопшто не поседува валидна финансиска документација за извршени уплати</u>, за да може истите да ги употреби во текот на претходната постапка**.

Овие докази, во смисол на членот 7 од ЗПП **беше должен да ги достави токму тужителот а не туженият** (како што погрешно оценува второстепениот суд), а за значењето на овие околности од **членот 7 од ЗПП,** повеќепати му беше укажано токму на тужителот. Од таму, навистина е несватливо погрешното оценување на второстепениот суд дека ова претставува немарност или пропуст на туженият во поранешната постапка, кога товарот на докажување на наводно извршените плаќања од лична сметка е бил на тужителот. **Па како можел туженият да располага со факти или докази за плаќања кои наводно ги вршел тужителот како странско физичко лице, од негови сметки во странска банка - до банките на фирмите во Бугарија и Италија** ??? Напротив, ова може да биде само пропуст на тужителот, но и тоа само навидум, бидејќи тужителот никогаш не вршел вакви уплати па и не

располага со докази за такви плаќања. Овој нов факт произлегува од доказот СВ I 32/2015 дадена изјава од полномошникот на тужителот за време вештачењето од страна на Биро судски вештачења дека тужителот не може да достави писмена документација од банка со ко се докажува извршеното плаќање од страна на тужителот.

Г) Погрешна оцена на второстепениот суд дека новиот доказ <u>Вешт наод и мислење СВ I 32/2015 изработен на 09.07.2015 година од страна на Бирото за судски вештачења, не бил прифатен односно бил употребен без успех во поранешната постапка:</u>

Вештиот наод и мислење СВ I 32/2015 изработен на 09.07.2015 година од страна на Бирото за судски вештачења, не е изведен по предлог на ниту една од странките во парничната постапка, туку по барање на ОЈО Штип, токму по поднесена Кривична пријава од тужителот против сопственикот на туженото друштво Ристе Љуботенски, од истите причини и основи кои се предмет и на парничната постапка. Во ова вештачење, три искусни вешти лица (врвни експерти во таа област), вршат целосен увид на целокупната документација со која располагале двете правни лица, како и документација која во истражната постапка ја обезбедило ОЈО Штип, па **даваат наод и мислење, кои содржи сосема поинакви и нови факти, кои не биле изнесени во претходната парнична постапка**.

Со овој нов доказ – јавна исправа, се докажува дека опремата за која со претходната правосилна пресуда се утврдува дека ја платил тужителот, <u>всушност во целост била исплатена од страна на тужените друштва; дека писмата од странските фирми врз основа на кои се базира првостепената пресуда, не можат да претставуваат доказ за извршена уплата; дека ниту еден од износите наведени во извештајот за констатирана состојба не е поврзан и не произлегува од Договорот за деловно техничка и финансиска соработка склучен помеѓу тужителот Втулкин и физичкото лице Ристе Љуботенски и сл.</u>

Поконкретно, со овој нов доказ се утврдуваат **<u>следните нови факти</u>** :

-На страна 21/28, вештите лица утврдуваат: по овој основ (Договорот за деловно техничка и финансиска соработка) лицето Владислав Втулкин според доказите кои се доставени на вештачењето, **нема извршено уплата**. Исто така, во овој Договор не е предвидена висината на средствата кои треба да се уплатат.

-На страна 22/28, вештите лица утврдуваат: Во однос на плаќањата на опремата на ПИМ Бугарија од страна на оштетениот Владислав Втулкин, на вештачењето беа побарани банкарски изводи од сметките на тужителот за извршени плаќања. **Таква документација не беше доставена на увид**. Тоа значи дека на тужителот му биле дадени сите можности да достави финансиска документација за извршени уплати за вложување по основ на Договорот, но такви докази тужителот никогаш не достави, затоа што такви докази не постојат.

-На страна 23/28, во последната реченица вештите лица утврдуваат: **Доставените Дописи од ПИМ Хасково Бугарија не претставуваат финансиски докази за плаќање.**

-На страна 23/28, во вториот пасус, вештите лица утврдуваат: Во потврдата која е издадена од ДЕЛЛА ТОФОЛА на 19.11.2007 година за Владислав Втулкин е наведено дека со тој документ Делла Тофола потврдува банкарски трансфери извршени од Владислав Втулкин во вкупен износ од 797.153 евра. Но, **Банкарски изводи за овие трансфери не се се доставени на увид, како би можело да се утврди дали навистина овие средства се исплатени кон Дела Тофола**.

-На страна 23 и 24/28, во третиот пасус, вештите лица утврдуваат: На вештачењето од страна на Ристе Љуботенски е доставен допис од Дела Тофола Италија со датум од 20.01.2015 година и со наслов До сите заинтересирани страни, во кој е наведено дека **според сметководството на Дела Тофола на ден 20.01.2015 година нема побарувања од купувачите Винарија Имако Вино ДООЕЛ и Имако ДОО и дека во нивна корист никогаш нема примено трансфер или пари од индивидуални лица** .

-На страна 26/28, во вториот пасус, вештите лица утврдуваат: **Освен уплатениот износ од 2.475 евра на сметката на Имако ДООЕЛ Штип** од страна на лицето Владислав Втулкин со опис трансакција Зголемување на основачки влог по Одлука од 18.11.2004 година, **докази за**

други вложувања во друштвото во значителен обем според доставената документација не се евидентирани, па поради тоа не постои обврска за зголемување на основната главнина на Имако ДОО Штип .

Напоменувам дека со ова вештачење, со целосно почитување на начелото за еднаквост на оружјата (еднакви права на сите странки во постапката) им била дадена можност на сите странки да ги истакнат своите аргументи и да достават документација во поткрепа на своите аргументи.

Наведените клучни и суштествени факти, кои со сигурност **би довеле до поинакво утврдување на фактичката состојба и поповолна пресуда** за тужениот-сега предлагачот, кои никогаш не биле истакнувани и изведувани во претходната постапка, суштински се разликуваат од другите факти кои биле изнесени од тужениот и тужителот.

Овие нови факти се во директна спротивност со оние кои произлегуваат од тужителот се обиде Извештајот за констатирана состојба доставен од тужителот, со НАПОМЕНА ДЕКА самиот составувач на Извештајот, на последната страна, **СЕ ОГРАДУВА од напишаните констатации**, па во последниот пасус самиот наведува: "На база на сето горенаведеното вложувањата на база на приложените докази изнесуваат 1.915.458 евра, но за да се утврди точниот износ на вложувањата **потребно е да се изврши детална финансиска анализа со која ќе се утврди**:

1. Износот на вложувањата на г-дин Владислав Втулкин ; 2. Начинот на преносот на основните средства од ИМАКО доо Штип во ИМАКО ВИНО доо Штип; 3.Начинот на зголемување на основната главнина во ИМАКО ВИНО Доо Штип; 4.Вкупниот надомест на штета што треба да се надомести на г-дин Владислав Втулкин по основ на вложување и изгубена добивка што не може да влезе во друштвото како содружник и да работи."

Значи, самата Компанија НМ која го изготвила Извештајот за констатирана состојба, потврдува дека **овој износ е само претпоставка**, паушално наведен, па **самите укажуваат на потребата да се изврши детална финансиска анализа,** за да се даде одговор на наведените клучни прашања за тоа дали постојат финансиски вложувања на тужителот, дали постои зголемување на основна главнина и сл. Но, **ваква детална анализа е направена токму со вештачењето кое го извршиле вештите лица од Бирото за судски вештачења**, кои дале детално и прецизно мислење, односно утврдиле сосема поинакви факти и фактичка состојба од она што е содржано во Извештајот за констатирана состојба, а тие факти претставуваат сосема нови факти.

Фактите утврдени во овој нов доказ - Вештиот наод и мислење СВ I 32/2015, потполно се различни и од оние утврдени во Вештачењето од Проф. д-р Јанка Димитровска доставено од тужениот во поранешната постапка, бидејќи во тоа Вештачење се утврдува дали воопшто има лични плаќања од тужителот Втулкин, а во Вештиот наод и мислење СВ I 32/2015 се утврдува дали има вложувања по основ на Договорот за деловно техничка и финансиска соработка. Дотолку повеќе што, хипотетички, тужителот Втулкин можеби навистина купувал опрема од наведените фирми во износите наведени во нивните писма, но тоа доколку воопшто е вистина, би можело да значи дека купувал опрема за други негови фирми и винарии, бидејќи и тужителот Втулкин се занимавал со истиот бизнис како и тужените. Но, за парничниот предмет единствено е релевантно дали вршел вложувања по основ на Договорот за деловно техничка и финансиска соработка, а не по било какви други основи.

Но, такви вложувања тужителот никогаш не извршил, ниту пак пријавил кај надлежните органи во Р. Македонија, што бил должен да го стори доколку навистина постоеле некакви странски вложувања, бидејќи согласно Законот за девизно работење (член 8 и член 28) **единствен валиден доказ за реализација на странска инвестиција во пари или било каков друг трансфер на пари од нерезидент мора да биде извршен преку банка, на пропишани обрасци од НБРМ за што се издава и потврда за извршената инвестиција во Република Македонија.** Но, не постои ниту еден единствен валиден доказ за реализација на било каква инвестиција односно вложување од тужителот Втулкин како нерезидент по основ на

реализација на капитална инвестиција кај тужените друштва. Воедно, со оглед на тоа ш. НБРМ не е пријавена и евидентирана било каква странска инвестиција или вложување тужителот Втулкин како нерезидент, не постои ниту законска можност досудените пари бидат префрлени на било која негова сметка во странство што значи дека **претходната правосилна пресуда е неизвршлива.**

Напоменувам дека овие нови факти кои постоеле во времето на пресудувањето односно донесувањето на правосилната пресуда, но предлагачот-туженият во никој случај не можел да ги знае и да ги истакне, бидејќи после поднесувањето на тужбата, тужителот поднел и Кривична пријава, а токму за потребите на вештачењето од страна на Бирото за судски вештачења, тужените Друштва ја предале целокупната документација-во оригинал на вештите лица од на Бирото за судски вештачења. Истата на тужените им била вратена дури после завршувањето на истрагата (и тоа со доставеното Решение со кое се отфрла кривичната пријава поднесена од Владислав Михаилович Втулкин од Москва против Ристе Љуботенски и Верица Љуботенска, донесено од ОЈО Штип во предметот КО.бр.255/13-III од 15.09.2016 година,) во периодот кога веќе била правосилно завршена и парничната постапка.

III. Погрешна примена на материјалното право од чл. 375 став 1 точка 3 од ЗПП, сторена во постапката пред второстепениот суд.

Поради направените повреди на одредбите на ЗПП како процесен закон (од кои причини погрешно оценил дека доказот Вешт наод и мислење СВ I 32/2015 изготвен од Бирото за судски вештачења не претставува нов доказ, бидејќи наводно: фактите содржани во истиот туженият ги истакнувал во поранешната постапка и биле предмет на оцена на судот во таа постапка; односно дека на туженият му биле познати тие факти и за време на поранешната постапка па можел да ги истакне во таа постапка;) **второстепениот суд погрешно го примени-односно воопшто не го применил и материјалното право**.

Имено, второстепениот суд воопшто не ги применил одредбите (цитирани во Предлогот за повторување на постапката и писмение поднесоци во оваа постапка) од : **Законот за облигационите односи** (во однос на оцена на правата и обврските на договорните страни-тужителот Втулкин и лицето Ристе Љуботенски утврдени во Договорот за деловно-техничка и финансиска соработка по кој правен основ наводно тужителот извршил уплата во наведениот износ- бидејќи новите докази се однесуваат и на овој договор-по кој наводно била извршена уплатата од тужителот); **Законот за трговските друштва** (во однос на склученият Договор за основање на трговско друштво ИМАКО ДОО Штип и новите факти дека, наводната уплата никогаш не била евидентирана во трговските книги на Друштвото ниту такво нешто побарал тужителот иако тоа би била негова законска обврска согласно чл.); **Законот за девизно работење - особено член 8 и член 28** (во однос на новиот факт дека лицето Втулкин никогаш не пријавил наводни вложувања како странски вложувања, што е негова законска обрска согласно наведениот закон и услов за да некои вложувања бидат признаени како странски вложувања. Согласно Законот за девизно работење, **единствен валиден доказ за реализација на странска инвестиција во пари или било каков друг трансфер на пари од нерезидент мора да биде извршен преку банка, на пропишани обрасци од НБРМ за што се издава и потврда за извршената инвестиција во Република Македонија.** Но, не постои ниту еден единствен валиден доказ за евиденција и реализација на било каква инвестиција односно вложување од тужителот Втулкин како нерезидент по основ на реализација на капитална инвестиција кај тужените друштва. Ова е секако во корелација и со новиот факт кој е утврден во Вештиот наод и мислење СВ I 32/2015 изготвен од Бирото за судски вештачења, според кој, писмата од странските Фирми ПИМ Хасково – Бугарија и Дела Тофола Италија, **не претставуваат веродостојни финансиски и сметководствени документи**, бидејќи не се покрепени со извештаи од банки за извршен трансфер на пари преку банка).

Во овој контекст, како и во контекст на одредбите од Законот за парничната постапка анализиран како материјален закон, неспорен е заклучокот дека **поради погрешна примена односно непримена на материјалното право, второстепениот суд погрешно и нецелосно ја утврдил и фактичката состојба**, а ова особено во смисол на одредбата од **член 387 став 1 и особено став 2 од ЗПП**.

Тужениот повторно напоменува дека, овој предмет навистина немаше да се води 12 години, немаше да трае ниту 12 дена, доколку тужителот доставеше макар еден единствен веродостоен доказ или финансиски документ од банка или друга финансиска институција, дека навистина тој го платил наведениот износ од 1.915.158,00 евра за купување на машините и опремата, со цел исполнување на неговите обврски од Договорот за деловно-техничка и финансиска соработка.

Вака се поставува прашањето дали со одбивањето на Барањето за повторување на постапката, се обезбедува можност за тужителот да неосновано да се збогати и да побарува огромна парична сума од тужениот, која никогаш ниту ја платил, ниту пак поседува валиден доказ дека навистина овие огромни парични износи влегле и биле евидентирани во Република Македонија, а сега со правосилноста на поранешната постапка се создава можност легално (спротивно на одредбите од Законот за спречување на перење на пари) да бидат изнесени од државата и на тој начин да се овозможи противправно богатење на тужителот?!

Од сите горенаведени причини, **тужениот единствено бара од судовите, да му биде овозможено основното право загарантирано со уставот, законите и меѓународните декларации, во неговата сопствена држава, да добие можност за праведно и правично судење, односно можност во законита постапка, водена од непристрасни судии, по изведувањето на сите релевантни докази, судот правилно да ја утврди фактичката состојба и да донесе правилна, законита и праведна одлука.**

Во контекст на досегашните наводи, му предлагам на Врховниот суд на Република Северна Македонија како ревизиски суд, согласно одердбите од член 388 ст.2 и член 388 од ЗПП, со решение да ја усвои ревизијата, да го укине во целост Решението на Апелациониот суд во Скопје ГЖ-2509/24 од 25.11.2025 година и предметот да му му го врати на повторно судење, или согласно одредбата од член 388 став 1 од ЗПП со пресуда да ја усвои ревизијата и да го преиначи Решението на Апелациониот суд во Скопје ГЖ-2509/24 од 25.11.2025 година, на начин што ќе утврди дека се одбива жалбата поднесена од тужителот во целост како неоснована и се потврдува Решението ППОВ.бр.2/24 од 28.05.2024 година на Основниот суд во Штип, со кое се дозволува повторување на постапката. Воедно, да го задолжи тужителот да му ги надомести на тужениот трошоците во постапката согласно поднесениот трошковник, зголемени за износите за такса за оваа Ревизија, во висина од 96.000,00 денари и за состав на ревизијата од страна на полномошник адвокат согласно АТ, износ од 99.402,00 денари.

Скопје, 16.01.2026 година

За предлагачот - тужен,

Полном. Адв. Гоце Џоневски

АДВОКАТ
ГОЦЕ ЏОНЕВСКИ
ул."Васил Главинов" бр.7Б-1/1
Тел. 02/3290-811 Скопје